**20252705263**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) и член 37 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2026 ГОДИНА

## I. Појдовна основа

Со оваа програма поблиску се утврдуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита, подобрување и развој на услугите и мерките од социјална заштита, согласно потребите на граѓаните и обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Остварувањето на социјалната заштита во Република Северна Македонија во 2026 година, се заснова на Законот за социјалната заштита, Законот за социјалната сигурност за старите лице, Законот за семејството, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Законот за вработување на инвалидните лица, Законот за употреба на знаковниот јазик, Законот за инвалидски организации, Законот за цивилни инвалиди од војната, кривично правните прописи и други закони и подзаконски акти, со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита.

## II. Подрачја на социјална заштита

Преку системот на социјалната заштита се остваруваат парични права и тоа како право на гарантирана минимална помош, еднократна парична помош, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок заради попреченост, надоместок на плата за скратено работно време, траен надоместок и право на социјална сигурност за старите лица.

Во текот на 2026 година во однос на секое од правата од социјална заштита ќе се спроведе споредлива анализа за период од последните три години.

Унапредувањето и развивањето на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, а вклучување на општините и давателите на услугите во испораката на истите ќе продолжи и во 2026 година.

Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе продолжи со реализација на Проектот за унапредување на социјалните услуги, со заем од групацијата Светска Банка, со кој ќе се обезбеди развој на политики, поставување на сеопфатен систем на социјални услуги и системско спроведување на реформираните услуги преку проширена мрежа на даватели на социјални услуги, со цел за воспоставување и финансирање на нови социјални услуги во локалната заедница.

Во 2026 година, цените на социјалните услуги се определени со Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка, за дневен престој, за привремен престој,  на советување и за одмена на семејна

грижа за 2026 година, донесена од Министерот за социјална политика, демографија и млади, изготвена согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 264/19).

Во 2026 година социјалните услуги ќе се финансираат преку склучени управни договори по распишан јавен конкурс за обезбедување средства за давање социјални услуги од други даватели на социјални услуги, како и по објавен јавен повик за обезбедување средства за давање социјални услуги од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје. Постапката ја спроведува Комисија за обезбедување средства за социјални услуги при Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Во склоп на Вториот проект за развој на социјалните услуги, во 2026 година ќе продолжи реализацијата на сеопфатни активности насочени кон унапредување на системот на социјална заштита. Во таа насока, во тек е сеопфатна анализа на системот за социјална заштита, со цел подобрување на неговата ефективност, правичност и подобро таргетирање на мерките, преку идентификување на преклопувањата, комплементарностите и празнините меѓу постојните програми, предлагање препораки за поедноставување и консолидирање на бенефициите со цел избегнување на дуплирање и унапредување на координацијата, како и развој на методологија за модели на партиципација во социјалните услуги.

Во 2026 година ќе се спроведе и функционална анализа на центрите за социјална работа на национално ниво, со цел зајакнување на нивните организациски и кадровски капацитети и подобрување на ефикасноста во обезбедувањето поддршка за граѓаните, преку унапредување и дигитализација на работните процеси, вклучително и имплементација на ново софтверско решение.

Истовремено, ќе продолжи унапредувањето на системот за квалитет на социјалните услуги преку имплементација на заеднички стандарди за квалитет за јавните и приватните даватели на социјални услуги, со посебен фокус на услугите за помош и нега во домот и дневен престој.

Во 2026 година ќе се реализираат и активности за зајакнување на системот за лиценцирање на давателите на социјални услуги, со цел понатамошна децентрализација на системот на социјална заштита и унапредување на достапноста и квалитетот на социјалните услуги на локално ниво.

Дополнително, ќе продолжи поддршката за ревизија и унапредување на методологијата за утврдување на цените на социјалните услуги, со цел истата да ги одразува реалните трошоци за обезбедување на услугите и да придонесе кон нивна финансиска одржливост.

Во 2025 година преку Третиот јавен повик беа склучени 26 договори, со што се обезбедува континуитет во поддршката за развој и унапредување на квалитетни социјални услуги на локално ниво. Според видот на услугите, склучени се 9 договори за обезбедување на услуга помош и нега во домот, 4 договори за дневни центри за лица со попреченост и 13 договори за центар за дневен престој за стари лица со активно стареење. Во текот на 2026 година е предвидено услугите да бидат лиценцирани и да се започне со нивната испорака.

Покрај тоа, во август 2025 година во рамки на Вториот проект за подобрување на социјалните услуги беше објавен и првиот јавен повик за развој на социјални услуги.

Согласно, планираната динамика на имплементација на проектот, во 2026 година предвидено е склучување на 10 договори за развој и воспоставување на нови социјални услуги во рамки на овој проект.

Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“ и Акциониот план за спроведување 2023-2025, како и Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 и Акциски план на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2026, ќе се имплементираат преку активностите предвидени во акциските планови, кои се во насока на натамошно спроведување на процесот на постепена трансформација на установите за лица со попреченост и тоа во ЈУ Заводот за рехабилитација на деца и младинци Скопје, ЈУ Специјалниот Завод Демир Капија и ЈУ Заводот за заштита и рехабилитација Бања Банско – Струмица, како и со воспоставување на услуги во заедницата и проширување на мрежата на даватели на социјални услуги. Овие активности ќе се фокусираат на подобрување на инфраструктурата и условите за работа во овие институции со цел да се обезбедат подобри услуги за корисниците и да се зголеми капацитетот за рехабилитација и заштита.

Со цел за продолжување на процесот на деинституционализација, Министерството за социјална политика, демографија и млади во 2026 година, ќе склучат договори со лиценцирани даватели на социјални услугиа со приоритет на услугата живеење со поддршка, така што во системот на социјалната заштита ќе функционираат дополнителни станбени единици за живеење со поддршка, во кои услугата живеење со поддршка ќе се обезбеди од овластени даватели.

Во текот на 2026 година се планира да функционират услугите кои се предвидени во процесот на трансформација на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци во Скопје. ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци ќе дава услуги на вон семејна заштита, дневни услуги како и услуги на рехабилитација за деца и младинци со попреченост.

Во 2026 година ќе продолжи имплементацијата на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030. Ќе се спроведуваат активности за трансформација на работењето на Дневните центри за лица со попреченост, со цел воведување на ран третман за деца до 10 годишна возраст, преку индивидуална и семејно ориентирана поддршка од страна на стручни лица, за ова цел во првиот квартал на 2026 година ќе се обучат обучувачи со поддршка на УНИЦЕФ.

Во делот на стратешките документи во текот на 2026 година, се планира да се донесат следните стратегии:

- Национална стратегија за превенција и намалување на бездомништво;
- Стратегија за заштита и вклучување на децата во ризик/деца на улица;
- Стратегија за ранливи категории која ќе опфати лица без работа, семејства со ниски приходи и други ранливи категории;
- Стратегија за семејна политика која ќе опфати поддршка на семејства, превенција на семејни конфликти и насилство.

Со поддршка на УНИЦЕФ во текот на 2026 година ќе се работи на донесување на законска регулатива за воведување на рана интервенција. Во ова насока ќе се продолжуват да се обучуват стручни лица како и ќе се воспостави систем на обучувачи за рана интервенција.

Социјалната заштита ќе се ориентира и кон поддршка на воспоставување на детска гаранција со посебен фокус на децата со попреченост и нивните семејства.

Во 2026 година ќе продолжи реализацијата на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица која има за цел да овозможи полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во

заедницата. За 2026 година за реализација на оваа програма во рамки на буџетот предвидени се средства во висина од 8.400.000,00 денари.

Распоредувањето на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година, ќе се врши согласно Програмата за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри за 2026 година, за финансирањето на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство, за Црвениот крст на Република Северна Македонија, како и за продолжување на финансирањето на здруженијата за борба против семејно насилство, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година.

Во текот на 2026 година се планира воспоставување на национална дигитална платформа која ќе ги надмине институционалните бариери и ќе обезбеди инклузивност и еднаков третман за глувите и наглувите лица во Република Северна Македонија. Предвидено е националната дигитална платформа да овозможува 24/7 услуги, кои ќе обезбедат еднаков третман на глувите и наглувите лица од страна на државните креатори на политики.

Преку Делегацијата на Европската Унија ќе се спроведува рамковниот договор за услуги преку ИПА проект „Подготвителните активности за трансформација на јавните институции за обезбедување на социјални услуги во заедницата . Овој ИПА проект се финансира во рамки на ЕУ / ИПА III Програмата „Рамка за интеграција во ЕУ".

Проектот како техничка поддршка, ќе придонесе за поддршка на процесот на деинституционализација и трансформација на 3 (три) јавни институции за обезбедување на високо-квалитетни, достапни и прилагодени социјални услуги за грижа во заедницата. Трите опфатени институции се ЈУ Завод за рехабилитација и здравствена заштита – Бања Банско, ЈУ Специјален завод - Демир Капија и Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје.

Преку Програмата на УНИЦЕФ за Северна Македонија за периодот 2026–2030 во делот на социјална заштита и инклузија ќе се спроведуваат реформи во политиките и мултисекторски стратегии кои ја намалуваат детската сиромаштија и исклученост услуги усогласени со Европската гаранција за деца и проширување на мрежата на услуги за деца во ризик и деца во судир со законот.

## III. Потреби на населението и социјалната превенција

### 1. Развој на социјалната заштита

Ќе продолжи спроведувањето на Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 237/22), со кој документ се утврдени мерки и активностите за натамошен развој на системот на социјалната заштита, остварувањето на паричните права и услугите од социјална заштита, како и продолжување на процесите на децентрализација, деинституционализација и плурализација во оваа област. Со оваа програма се создава можност за ефикасен одговор и справување со идентификуваните предизвици во делот на социјалната заштита, сиромаштијата и социјалната вклученост, преку утврдување на целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита, со мерки на краток и среден рок. Воспоставениот информатички систем за администрирање на правата и услугите веќе почнува да ги даде првичните резултати во центрите за социјална работа каде веќе е функционален, овој систем очекуваме да го олесни работењето на стручните работници во центрите за социјална работа и да овозможи полесно применување на

методот на водењето на случај кај социјалните услуги и ќе овозможи полесен мониторинг на испораката на правата и услугите од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**2. Справување со сиромаштијата и социјалната исклученост**

Покачување на постојната парична помош за деца

Прашањата за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост, ќе бидат опфатени со ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика, кој документ се изготвува во тесна соработка и координација со Европската комисија, како нов стратешки механизам на социјално-економскиот дијалог по однос на приоритетите и реформите во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика.

**3. Тековни активности во социјалната заштита**

Во областа на социјалната заштита се спроведуваат активности во насока на подобрување на заштитата на граѓаните, подобрување на квалитетот на услугите и социјалната превенција.

Се имплементира ИПА проект за Поддршка на системот за обезбедување на квалитет за социјални услуги преку:

КОМПОНЕНТА 1: Унапредување на системот за мониторинг и евалуцаија и рамката за мерење на квалитетот на социјалните услуги.

(1) Развој на хоризонтални стандарди за квалитет;

2) Воспоставување рамка за мерење на перформансите, тестирање и операционализација;

3) Развој и воведување механизми за известување;

4) Проценка на функционалноста на ИКТ системот.

КОМПОНЕНТА 2: Градење на капацитетите (пр. обуки за вработените) на МСДМ, центрите за социјална работа, единиците за локална самоуправа и давателите на социјални услуги при спроведување на мониторингот и евалуацијата

КОМПОНЕНТА 3: Унапредување на улогите и капацитетите за надзор и инспекција на Министерство за социјална политика, демографија и млади и ЈУ Завод за социјални дејности.

(1) Развој на методологија за обезбедување квалитет за социјални услуги;

2) Обуки;

3) Подобрување на системот за лиценцирање на социјалните услуги).

**4. Вклучување на здруженија, на приватната иницијатива и на физички лица во социјалната заштита**

Системот на социјалната заштита ќе се унапреди преку зголемување на бројот на лиценцирани даватели на социјални услуги, приватната иницијатива од физички и правни лица, за давање на услуги кон граѓаните.

Во системот на социјалната заштита е воспоставена мрежа на 164 лиценцирани даватели на социјални услуги во над 40 општини.

## 5. Социјална заштита на бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица и повратници од реадмисиони договори

Покрај редовната грижа за внатрешно раселените лица, активностите на Министерството за социјална политика, демографија и млади и понатаму ќе бидат насочени кон програми со кои ќе се стимулира враќањето на овие лица во местото на живеење и трајно решавање на проблемот на одреден број на внатрешно раселени лица. Во однос на бегалците, односно лицата со признат статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита, Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе преземе мерки за олеснување на процесот на интеграција на овие лица, согласно со Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2026 година. Во оваа насока, за овие лица, во текот на 2026 година ќе се направат напори за имплементација на поголем број на активности, како и поттикнување на вработувањето на највработливиот член во домаќинството.

## 6. Инспекциски надзор

Министерството за социјална политика, демографија и млади и во текот на 2026 година ќе продолжи да спроведува инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита, над установите за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита како професионална дејност.

## IV. Средства за остварување на социјалната заштита

Средствата за остварување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2026 година, во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во Раздел 150.01 предвидени се следниве буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 40 – Центри за социјална работа и Завод за социјални дејности. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во оваа потпрограма, се предвидени буџетски средства во износ од 853.481.000,00 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 1.660.000,00 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 1.363.000,00 денари и средства од донации во износ од 249.000,00 денари.

2. Потпрограма 41-Дневни центри и прифатилишта за вонинституционална социјална заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во оваа потпрограма се планирани 122.792.000,00 денари средства од основен буџет.

3. Потпрограма 42–Установи за институционална социјална заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во оваа потпрограма се планирани 347.553.000,00 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 200.000,00 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 4.053.000,00 денари и средства од донации во износ од 3.650.000,00 денари.

4. Потпрограма 4А – Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во оваа потпрограма се планирани средства во износ од 8.440.000,00 денари.

5. Потпрограма 46 – Деинституционализација и социјални услуги. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во оваа потпрограма се планирани средства во износ од 691.804.000,00 денари.

6. Потпрограма 47 – Подобрување на социјалните услуги. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во оваа потпрограма се планирани средства во износ од 246.000.000,00 денари, за финансирање на активностите предвидени со Проектот за подобрување на социјалните услуги, со средства од заем со Светска Банка.

7. Потпрограма 50 –надоместоци за социјална заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во оваа потпрограма се планирани 8.651.397.000,00 денари и тоа на ставка 471 - 8.240.955.000,00 денари за социјални надоместоци, кои ќе се распоредат за:

- гарантирана минимална помош (домаќинство кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува),
- надоместок заради попреченост (заради поттикнување на социјална вклучување и еднакви можности на лице со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, со навршени 26 години возраст),
- надоместок за помош и нега од друго лице (за лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи),
- надоместок на плата за скратено работно време (поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, кое право родителот го остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето),
- додаток за домување (за материјално и станбено необезбедени лица кои до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст),
- траен надоместок (за згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство и родител кој се грижел за детето со попреченост),
- еднократна парична помош (на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството),
- право на здравствена заштита (корисник на гарантирана минимална помош, кое е лице неспособно за работа; корисник на надоместок заради попреченост; корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита; корисници на вон-семејна заштита; лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и лице-жртва на трговија со луѓе, само доколку не можат да се стекнат со осигурување по друг основ),
- право на надоместок за трошоци за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице во згрижувачко семејство ќе се исплатува на семејствата кои во семејството ќе згрижат лице, корисник на социјална заштита,

- сместување во ученички домови или други установи на деца без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, злоставувано и социјално необезбедено дете) и дете со нарушено поведение, а за кои центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, воспитување, образование и нормален развиток на детето,
- парична помош за социјална сигурност за старите лица (над 65 годишна возраст, кое има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето и доколку лицето и неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница нема/ат во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето).
- на ставка 433 – 125.442,000,00 денари трансфери до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, и
- на ставка 464 – 285.000.000,00 денари за разни трансфери.

8. Потпрограма 51 – надоместоци за цивилни инвалиди од војната. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во оваа потпрограма се планирани 51.152.000,00 денари.

9. Потпрограма А2-Блок дотации-84.213.526,00 денари.

10. Потпрограма 54 – надоместоци за заштита на бегалци и азиланти. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во оваа потпрограма се планирани вкупно 7.937.000,00 денари средства од основен буџет се наменети за исплата на права за лицата со признат статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и баратели на азил, надоместок на правата за внатрешно раселените лица и лица вратени по основа на договорите за реадмисија.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјална заштита е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, со напомена дека во 2026 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени права, согласно Програмата за остварување на социјалната заштита за 2025 година.

**V. Влегување во сила**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 50-11905/6
30 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.